Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

## Извадок на дел од дневни настани 23.12.2024

На 22.12.2024 во 21.10 часот на Граничен премин Долно Блаце, на излез од државата, полициски службеници го лишиле од слобода В..Л.(28) од Косово поради сомнение за сторено кривично дело „давање поткуп" од член 358 став 1 од Кривичниот законик. При пасошка и гранична контрола, тој на увид дал сообраќајна дозвола за автобусот со косовски национални ознаки, кој го управувал и патна исправа во која ставил банкнота од 5 евра. Лицето било предадено во Полициската станица Мирковци за понатамошна постапка и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.12.2024 во 12.30 часот, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Д.Б.(31) од Тетово. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, бил пронајден и одземен кокаин. Тој бил задржан во полициска станица и по документирање на случајот, против него ќе следува соодветен поднесок.

На 23.12.2024 на улица „Браќа Миладинови" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го привеле А.О.(42) од Тетово, кој бил баран по потерница врз основа на судска наредба за издржување на казна затвор за сторено кривично дело „кражба". Тој бил предаден во Казнено – поправната установа Затвор Тетово за издржување на казната.

На 22.12.2024 во 12.45 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода С.Ш. (44) од Куманово. При преглед кај него биле пронајдени и одземени околу 700 парчиња пиротехнички средства. С.Ш. бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе следува соодветна пријава.

На 22.12.2024 во 09.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „Македонско- косовска бригада" и ул.„Св. Прохор Пчински" во Скопје, патничко возило „цитроен" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.К.(31), удрило во З.П.(45), двајцата од Скопје, и го напуштило местото. По преземени мерки, Б.К. бил пронајден. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила З.П., констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа на СВР Скопје.

На 22.12.2024 во 13.45 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, В.К.(55) од Скопје пријавила дека на ул.„Браќа Чакреви" во Скопје била касната од куче скитник.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет